РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1364/6
05-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1364/1 од 23.04.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи против службеното лице ---------, поранешен Командир на Шумската полиција ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1364/1 од 23.04.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 23.04.2025 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за незаконско работење на службеното лице ---------, поранешен Командир на Шумската полиција --------, и оформен е предмет број 12-1364/1 од 23.04.2025 година.

Имено, наводите се однесуваат на тоа дека наведеното лице како Командир на Шумската полиција --------, во договор со вработени лица во Судот во -------- не ги обжалил донесените Пресуди од страна на Судот, а за тоа прибавил финансиска корист.

Се наведува и дека има вратено запленети возила Трактори, без правосилна Пресуда од Судот и Записниците кои биле за изрекување на прекршок ги преправал да нема простор за утврдување на одговорност.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Од увидот во прибавената документација, доставена до ДКСК на ден 03.09.2025 година се констатира следното:

Од страна на внатрешна контрола на Шумската полиција била извршена контрола во ШПС -------- и бил обавен разговор со шумскиот полицаец -------- (поранешен Командир на ШПС------). При извршената контрола од страна на внатрешната контрола на Шумската полиција не биле пронајдени неправилности во работењето на шумскиот полицаец ---------.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, во предметниот случај постапил друг надлежен орган, кој не утврдил неправилности во работењето на пријавеното лице.

Согласно горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Заменик – претседател
м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д, член на ДКСК